СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# МАРТИН КОСТОВСКИ

за Куманово



## СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



**Почитувани сограѓани,**

Јас сум Мартин Костовски, роден кумановец, порастнат на овие улици и места, дипломиран правник, оженет и татко на две деца. Се кандидирам за градоначалник на Куманово затоа што верувам дека овој град заслужува нов правец на развој, праведен и исполнет живот за сите нас, заслужува да му се врати насмевката – за младите, за следната генерација и за пензионерите. Мојата визија за Куманово е храбра и уникатна, Куманово ќе биде град што претставува гордост за секој жител, град што нуди можности за секого и град што ќе го задржи својот уникатен дух.

Ќе им дадеме поддршка на младите, ќе обезбедиме услови за личен и професионален развој, ќе инвестираме во современи образовни програми, практикантски можности и стипендии за младите таленти;

Поддршката за локалните бизниси е исто така важна. Нашите мали и средни претпријатија се срцето на економијата. Општината ќе ги следи во чекор сите инвестиции и ќе биде стимулативно одговорна за секој.

Нашите стари сограѓани заслужуваат почит и грижа и затоа ќе обезбедиме дополнителна поддршка за пензионерите преку низа мерки за подобрени социјални услуги и подобри услови за живот;

Ќе се подобрат инфраструктурата и јавните услуги: За да биде Куманово место што сакаме да го наречеме дом, ќе инвестираме во модернизација на патиштата, подобрување на јавниот превоз и развој на нови сообраќајни можности;

Куманово заслужува да биде живо и динамично место полно со културни настани, концерти, фестивали и активности. Ќе организираме настани што ќе го вратат духот на нашата заедница, каде што ќе може да се изразуваат сите генерации и да уживаат во сите аспекти на животот;

Ќе работам на промоција на нашето културно наследство и природни убавини. Постојат места во нашиот град што не се многу познати, а имаат голем потенцијал со што ќе привлечат туристи коишто ќе ја зајакнат локалната економија.

Мојата цел е Куманово да го направиме место каде што сите ќе сакаат да живеат, да работат и да се забавуваат. Со заедничка работа и посветеност, можеме да го направиме нашето Куманово место на среќа и просперитет.

Ви благодарам за довербата!

**Мартин Костовски**

кандидат за градоначалник на Општина Куманово

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**




Почитувани сограѓанки и сограѓани,
Моја огромна чест е што ви се обраќам вам и што во името на сите кандидати за советници од коалицијата предводена од СДСМ ја прифатив задачата да побарам ваша поддршка. Барам ваша поддршка за да ја смениме насоката по која се движи општина Куманово во која сите ние расневме и ќе раснеме, во која сите ние се образувавме, во која сите ние се смееме и тагуваме, општина во која ние самите ја пишуваме историјата ја живееме сегашноста и заеднички ќе ја градиме иднината.
Ве повикувам сите заеднички како еднакви граѓани да застанеме едни до други и Куманово да го направиме град на кој сите ќе се гордееме, како што се гордееме на славното минато, иднината да ни биде уште посветла и просперитетна. Ајде да бидеме општина во која ќе имаме чист амбиентален воздух, да бидеме општина која знае како да управува со комуналниот отпад, општина во која урбанистичкото планирање ќе гради хумани услови за живот, општина во која слободно ќе можеме да се движиме по тротоарите, општина во која повеќе нема да има сообраќаен хаос, општина во која ќе имаме културни и спортски манифестации на кои ќе сме горди, општина во која најмладите ќе бидат среќни и весели, а младите ќе останат да живеат и да го градат, да бидеме општина која ќе се грижи за најстарите, општина во која секој ќе може да работи и да се развива бизнисот и претприемништвото.
Да бидеме општина во која нема да има села без вода, општина во која населбите непречено и плански ќе се развиваат во модерни места за живеење со градинки за сите, со зелени појаси околу градот и со доволно зелени површини низ целата општина.
Почитувани мои сограѓанки и сограѓани за сето ова да го реализираме заедно потребна ни е ваша поддршка, со вас заедно Куманово ќе заблеска, а сите ние чесно и посветено ќе работиме да испишеме нова далеку поубава и посветла историја.
Искрено ваш Томица Илиќ
Носител на листа за советници

# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Куманово

1. Томица Илиќ, Роден 31.07.1985 година, Доктор по Ветеринарна медицина
2. Благојче Јакимовиќ, Роден 27.08.1977 година, Дипломиран економист за бизнис и администрација
3. Тамара Анастасовска, Родена 08.07.1996 година, Дипломиран економист - Менаџмент
4. Марина Манојловска, Родена 05.04.1961 година, Дипломиран професор по одделенска настава
5. Соња Тодоровска, Родена 05.05 1977 година, Дипломиран професор по македонски јазик
6. Александар Јовановски, Роден 07.05.1983 година, Економски техничар
7. Владимир Петрушевски, Роден 01.02.1993 година, Магистер инженер архитект
8. Димитар Миновски, Роден 10.05 1971, Дипломиран Економист
9. Слаѓана Антиќ, Родена 11.02.1973 година, Дипломиран Земјоделски инженер
10. Севџан Сулејмановски, Роден 24.08.1961 година, Дипломиран Професор по одделенска настава
11. Миле Андоновски, Роден 11.05.1959 година, Дипломиран правник - Безбедност
12. Марија Доневска Голубовиќ, Родена 01.06.1987 година, Магистар по бизнис и администрација
13. Христијан Божиновски, Роден 14.04.2001 година, Студент на информатика
14. Катерина Ангеловска, Родена 20.04.1978 година, Дипломиран психолог
15. Емилио Божиновски, Роден 08.08.1992 година, Студент на економски факултет
16. Даниела Баневска, Родена 01.09.1974 година, Дипломиран бизнис администратор
17. Тања Георгиевска, Родена 30.08.1985 година, Дипломиран наставник по германски јазик и книжевност
18. Ненад Вукановски, Роден 04.07.2000 година, Студент на факултет за бизнис и администрација
19. Бојана Малинска, Родена 24.08.2001 година, Студент на економски факултет
20. Катерина Ангеловска, Вработена во ЈОУДГ Ангел Шајче Куманово, Економски техничар
21. Јован Хаџи Панчев, Роден 06.08.2002 година, Студент на Правен факултет
22. Зоран Ивановски, Роден 03.09.1966 година, Средно стручно образование чевларски техничар
23. Верица Трлин, Родена на 10.05 1962 година, Економски техничар
24. Николина Симоновска, Родена 21.12.1996 година, Студент на Факултет за архитектура и дизајн на мебел
25. Александар Додевски, Роден на 22.10.2001 година, Средно стручно образование електротехничар
26. Даниела Милановска, Родена 30.06.1983 година, Средно гимназиско образование
27. Катерина Миленковска, Родена 28.01.1979 година, Магистер по бизнис и администрација
28. Адем Алили, Роден на 02.12.1985 година, Средно стручно образование машински техничар
29. Марија Славковиќ, Родена 05.06.1992 година, Студент на Правен факултет
30. Верица Тодоровска, Родена 27.01.1974 година, Дипломиран професор за одделенска настава
31. Данијел Димитријевски, Роден 23.12.2004 година, Студент на Факултет за бизнис и администрација

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сѐ поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- Изградба на градски плоштад;
- Изградба на примарна и гасоводна мрежа;
- Изградба на затворен базен;
- Доизградбата на булеварот „Октомвриска револуција“ и булеварот „Трета македонска ударна бригада“;
- Изградба на две училишни спортски сали во средното училиште „Перо Наков“ и во основното училиште „Христијан Карпош“;
- Владата предводена од СДСМ ја изгради спортската училишна сала во средното училиште „Наце Буѓони“;
- Изградба на Ургентен центар;
- Реконструкција на полициска станица;
- Реконструкција на Искрин мост;
- Реконструкција на мостот во с. Проевце;
- Почеток на изградба на економска зона;
- Изградба на рекреативен центар Студена вода;
- Реконструкција на сите регионални патишта околу Куманово;
- Патот Куманово – Свети Николе;
- Реконструкција на регионален пат Куманово – Опае;
- Рехабилитација на регионален пат Куманово – Никуштак и Куманово – Пелинце;

# А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

Ниту еден капитален проект не е реализиран за 4-годишен мандат. Притоа, потрошени се над 7 милијарди денари, но не се изградени ветените две детски градинки и ново основно училиште. И покрај буџетските средства, не се реализирани конкретни објекти. Ветени беа:

- 5 катни гаражи – како замена, поставени се груби, монтажни конструкции што се оценуваат како „рудимент“ и „грдосија“ во центарот на градот;
- Цевковод Куманово – Липково, како голема инвестиција, буквално исчезна од агендата, а редовно има проблеми со снабдување со вода;
- Генерален урбанистички план (ГУП) – најавен со фанфари, но никогаш не е донесен;
- Нереализирани останаа и реконструкциите на градскиот плоштад, обнова на фасади и осветлување;
- Ветување што не е исполнето е пешачко поврзување на двата плоштада;
- Општина Куманово стана еден од најзагадените градови во Европа, во спротивност со ветувањето за чист воздух и здрава животна средина.

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# МОЈАТА ВИЗИЈА



- **Зошто се кандидирате? Што е мотивот?**

Да се биде градоначалник на Општина Куманово за мене е животен предизвик, но и огромна одговорност. Мојата мотивација и желбата е да создадам град што ќе биде подобар за сите нас, особено за младите, за сите семејства и сите граѓани што живеат овде. Постои голема потреба за промени, а јас верувам дека можам да ги донесам тие промени. Да бидам предводник на една успешна приказна што ќе се вика „Урбано Куманово". Куманово има голем потенцијал, но многу од неговите ресурси не се искористени на вистински начин. Мојата амбиција е да создадам услови за раст на локалната економија, нови работни места и подобрување на инфраструктурата. Важно е да се поддржат локалните бизниси и да се обезбедат поволни услови за нивни развој. Младите се нашата иднина. Им требаат можности за образование, работа, како и простор за

личен развој и рекреација. Куманово треба да биде место каде што младите сакаат да останат, да работат и да го градат својот живот, а не да бараат подобри услови во други градови. Општината има многу проблеми со сообраќајот, канализацијата, водоснабдувањето и зеленилото. Моето фокусирање на овие области има цел да го подобри животот на сите жители, да го направи градот попривлечен за инвеститори и да го подигне стандардот на градот на европски ниво. Куманово заслужува да биде не само економски туку и културен центар. Со нови културни настани, поддршка на уметниците и организација на забавни и едукативни програми, ќе го направиме Куманово град на кој сите ќе се гордееме. Во Куманово живеат различни етнички заедници. Мојот мотив е да го унапредам заедничкиот живот и да ги поттикнам позитивните односи меѓу различните групи, со фокус на солидарност, поддршка и почитување. Кандидатурата е мој завет и посветеност да работам за доброто на сите.

- **Колку е важно да се има визија за општината, за нејзино подобро функционирање и за нејзин развој. Дали во тој контекст е потребно да се има и визија за општеството во целина?**

Без јасна и долгорочна визија, сите активности и иницијативи ќе бидат краткорочни и ќе се базираат само врз тековните потреби и проблеми. Визијата е она што дава насока, инспирација и цел и е основа за носење одлуки што ќе обезбедат одржлив раст и развој на општината. Визијата за нашата општина е таа што ја поставува рамката за развојна стратегија. Таа покажува кои се долгорочните цели: подобра инфраструктура, ефикасни услуги за граѓаните, силна економија, конкурентни бизнис-услови и модерна урбанизација. Визијата е повик за сите да се обединат, да работат заедно и да ги поддржуваат иницијативите што водат кон подобро и посреќно општество. За да се постигне успешна и стабилна општина, потребна е јасна визија што ќе се темели врз долгорочни цели, а не врз краткорочни популарни решенија. Таа визија мора да биде тесно поврзана со визијата за општеството во целина, бидејќи само така може да се постигне комплетен и балансиран развој, кој ќе донесе благосостојба, праведност и напредок за сите граѓани.

- **Што е тоа што сметате дека мора да се направи во следниот мандат и натаму? Нешто што ќе направи промена. Дали е доволно да се понудат само инфраструктурни проекти?**

Искрено, клучно е да се фокусираме на широкиот спектар на проекти, не само инфраструктурни туку и социјални, економски и културни. Иако инфраструктурата е основа на секој развој за да направиме вистинска промена во Куманово, треба да ја создадеме одржливата и инклузивна средина што ќе биде способна да се адаптира кон

новите глобални и локални предизвици. Градската инфраструктура треба да биде функционална, еколошки одржлива и насочена кон инклузивност и ефикасност. Транспортот, паркирањето, улиците и канализацијата се неопходни, но мора да се додадат и проекти што ќе создадат зелени јавни простори, ќе обезбедат сигурност и ќе го направат живеењето поквалитетно. Потребни се нови културни настани, фестивали, изложби и активности за младите, кои ќе придонесат за живописност и разноликост на градот. Воведувањето дигитални услуги и платформи е неопходно за подобрување на административните услуги и олеснување на животот на граѓаните. Со еден збор создавање одржлива и динамична заедница, која ќе биде способна да одговори на сите предизвици и ќе го води Куманово во иднината успешно и сигурно.

- **Колку се важни младите за нашата општина?**

Младите се апсолутно најважни, тие се клучен двигател за развојот на секоја општина. Без активно вклучување на младите во сите сфери на општествениот живот, било да станува збор за економски, културни или социјални аспекти, нема да можеме да постигнеме одржлив развој. Тие носат со себе нови идеи, претприемачки дух и желба за креативни решенија. Младите се тие што ќе го одржат бројот на жителите во општината и ја носат популациската стабилност на општината. Да не заборавиме, Општина Куманово е најголемата локална самоуправа во државата, па се надеваме дека и во иднина ќе биде исто. Треба да се направи буквално сѐ за младите да се чувствуваат важни во Куманово.

- **Како гледате на општата безбедност на граѓаните? Кои се проблемите и како може да се решаваат?**

Без мирна и сигурна средина, немаме услови за развој и инвестициски можности, а граѓаните не се чувствуваат спокојно во своето секојдневие. Затоа, општата безбедност во Куманово треба да биде на врвот на нашите приоритети, и тоа не само во контекст на борба против криминалот, туку и социјалната стабилност и заштита на правата на сите граѓани. Ако се инвестира во соработка со полицијата, ќе се изготват превентивни стратегии и иновации за подобрување на безбедноста и поддршката за ранливите групи, па само така Куманово може да стане сигурна и безбедна заедница. Градењето безбедна средина ќе овозможи не само повисок квалитет на живот туку и поголема доверба меѓу граѓаните и институциите, што е клучно за напредокот на општината.

- **Дали доброто планирање на просторот и мобилноста се клуч за забрзан развој, но и за поквалитетно живеење? Што сметате дека е неопходно да се преземе во следниот период?**

Доброто планирање на просторот и мобилноста се основни столбови за забрзан развој на Куманово и за поквалитетно живеење. Приоритет број еден ќе биде носењето на новиот ГУП на општината. Со овој стратегиски документ многу децениски




проблеми ќе се решат, а во исто време и градот ќе се развива многу поорганизирано. Со добро урбанистичко планирање, ќе можеме да создадеме простор за сместување, економски активности и рекреација, што ќе ја подобрат животната средина. Добро планираниот простор и мобилност создаваат поедноставни и поефикасни дневни рутини за сите граѓани. Кога инфраструктурата е добро организирана, сите имаме побрз пристап до работата, образованието, здравствените услуги и јавните објекти. Куманово треба да има повеќе пешачки зони во централните делови на градот, но и сигурни велосипедски патеки. Важно е да се инвестира во модернизации на автобуси, поефикасни линии и пониски тарифи што ќе го направат јавниот транспорт поатрактивен и поефикасен.

Планирањето на градот треба да вклучува создавање и одржување зелени површини, паркови и рекреативни зони во урбаните области.

- **Особено во зимските месеци македонските градови се меѓу најзагадените во светот. Во многу места имаме проблем со диви депонии, а граѓаните имаат сериозни забелешки за јавната чистота дури и во најурбаните места. Осудени ли сме сите ние да живееме во ѓубре и отровен воздух?**

Не, не сме осудени да живееме во ѓубре и отровен воздух. Сите овие проблеми – од загадувањето на воздухот до дивите депонии и нечистите јавни простори – не се нешто што е не може да се реши. Иако проблемите со загадувањето и дивите депонии изгледаат големи, решенија постојат. Доколку сите заедно покажеме свесност и ангажман, ѓубрето нема да претставува проблем. Мораме да работиме системски и упорно за чиста, здрава и одржлива средина – почнувајќи од едукација и акција, па сѐ до инвестирање во современи решенија и инфраструктура. Така ќе успееме да го промениме ова и да им оставиме на идните генерации поубав, почист и попријатен животен простор.

- **Довербата на граѓаните во системот е на многу ниско ниво, а општата перцепција на јавноста е дека корупцијата цвета во нашата држава. Дали може да ја повратиме таа доверба? Дали подобрувањето на општинските услуги, зголемувањето на транспарентноста и отвореноста на општината кон граѓаните може да даде нова надеж?**

Да, може да ја повратиме довербата, но тоа бара континуирана и искрена посветеност од сите страни, почнувајќи од локалната власт, па сѐ до самите граѓани. Проблемите со корупцијата и недоволната транспарентност се сериозни и тие ја поткопуваат основата на секое демократско општество. Меѓутоа, има начини како да се врати довербата, а клучот лежи во зголемувањето на транспарентноста, јасноста на постапките и отвореноста кон граѓаните. Прв и најважен чекор е целосна транспарентност во сите процеси што се однесуваат на јавните материјални средства, тендери и проекти. Луѓето треба да имаат пристап до информации за тоа како се троши јавниот буџет и кои се критериумите за избор на изведувачи на проекти. Ако се преземат овие чекори и ако се почитуваат принципите на транспарентност и отчетност, враќањето на довербата е многу реална. Кога луѓето ќе видат дека нивните претставници работат во нивни интерес и дека општината е отворена за соработка, тогаш почнува да се создава долгорочна врска на доверба. А кога тоа ќе биде следено со реални резултати и подобрен квалитет на животот, тогаш ќе се создаде и нова надеж за иднината. Транспарентноста, отчетноста и дијалогот не само што ја зголемуваат довербата на граѓаните во локалната власт туку ја создаваат и основата за позитивни промени. Луѓето ќе бидат помотивирани да учествуваат во процесите на градоначалничката канцеларија ако се уверени дека имаат влијание и право да го менуваат градот, а не само да бидат пасивни гледачи на локалната политика.

- **Иселувањето е еден од најголемите проблеми, а следствено и наталитетот е во драстично опаѓање. Имаме ли иднина без луѓе? Како да ги задржиме луѓето во своите места да продолжат да живеат со перспектива за себе и за своите деца?**

Луѓето се највредниот ресурс на секое општество. Без активни и креативни луѓе што ќе го градат својот живот во својата заедница, местата ќе се празнат, инфраструктурата ќе се запостави, а општините ќе го изгубат и економскиот и социјалниот замав. За да го смениме ова, мораме да работиме на тоа да се создадат услови за луѓето да останат, да имаат шанса за личен и семеен напредок и да чувствуваат дека се дел од една жива и развојна заедница. Тоа значи да создадеме општина што нуди не само работни места туку и услови за среќен живот – место каде што ќе има можности за личен и професионален развој, безбедност и квалитетен социјален живот. Сè додека заедно работиме за ова, Куманово и други општини нема да се соочуваат со проблемот на иселување и опаѓање на наталитетот.

- **Зошто граѓаните да гласаат за вас? Што е тоа по што сте различни од другите за да ви ја дадат токму вам довербата?**

Не сум тука само да ветувам промени, туку да ги реализирам. Мојата визија за Куманово не е само апстрактна идеја, туку конкретен план за економски развој, подобра инфраструктура, зголемена безбедност и поголеми можности за младите и семејствата. Тоа не се политички игри, туку конкретни решенија што ќе имаат реален ефект. Транспарентноста ќе биде мој приоритет. Во мојот тим нема да има скриени интереси. Секој проект и секој потег ќе биде отворен за јавноста. Граѓаните ќе имаат пристап до информации за тоа како се трошат јавните средства и како се спроведуваат проектите. Иако не ветувам магични решенија, се обврзувам да се фокусирам на практични проблеми што ги засегаат сите нас: од нечистите улици преку недостиг на паркинг-простори, па сè до застарената инфраструктура. Моите проекти ќе бидат во контекст на потребите на граѓаните, а не на политичките дневни интереси. Јас ќе се грижам за пензионерите, младите, семејствата и лицата со попреченост од сите категории. Затоа, ако сакате да имате градоначалник што ќе работи одговорно, што ќе го задржи Куманово како „живо" место за живеење и што ќе има реални идеи и планови за развој, тогаш ве повикувам да ми го дадете вашиот глас. Јас не се обврзувам на нешто што не можам да го исполнам, туку на она што ќе го постигнеме заедно. Заедно можеме да го направиме Куманово место каде што се враќа надежта, оптимизмот и иднината.

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

Во согласност со визијата за инклузивно, модерно и хумано Куманово, следуваат меки политики, активности и проекти поделени според клучни целни групи и области, насочени кон создавање локална заедница што ги слуша, поддржува и развива своите граѓани.

- **МЛАДИ**

Образование: Целосна дигитализација на средните училишта со смарт-училници, бесплатен Wi-Fi и стипендии за талентирани ученици и матуранти.

Вработување: Програма за кофинансирање на првите работни искуства. Стартап хаб со бесплатни канцеларии и менторска поддршка.

Активизам: Формализиран Младински совет со право на предлог за младински политики.

Култура и спорт: Картичка за млади со попусти, Младински фестивал, урбани сали и скејт-зони. Учество во спортски лиги и културни настани.

- **ЖЕНИ**

Економско јакнење: Програми за самовработување, локални субвенции и менторство за жени претприемачи.



Безбедност и поддршка: Советувалишта за семејно насилство, анонимна поддршка, едукации во соработка со НВО.

Култура и здравје: Програми за женско здравје и психолошка поддршка. Вклучување на жените во локални одлуки, културни совети и јавни расправи.

- **ПЕНЗИОНЕРИ**

Пензионерска картичка - Поддршка за достоинствен живот на пензионерите!

Во нашата изборна програма предвидуваме партнерство меѓу локалната самоуправа и здруженијата на граѓаните од трета доба, за да обезбедиме социјални и економски погодности за сите пензионери во Куманово.

Во соработка со Здружението на пензионери ќе работиме на:

- Договори со локални продавници, стоматолози, аптеки, транспортни компании, осигурителни друштва, кина, театри – за постојани попусти и погодности преку пензионерска картичка.

- Создавање регистар на партнери - понудувачи на поволности, објавен на веб-страницата на Општината и на огласни табли во локалните заедници.

- Организирање годишен Саем на поволности за пензионери во соработка со бизнис-аедницата.

- Веруваме дека достоинството и квалитетот на животот на постарите сограѓани е обврска и чест за секоја локална власт.
- Активно стареење: организирани прошетки и едукативни работилници.

Финансиска поддршка за пензионери приматели на минимална пензија 1.500,00 денари:

Целта е да се подобри квалитетот на животот на најранливата категорија пензионери преку доделување еднократен паричен надоместок во износ од 1.500,00 денари.

Средствата се доделуваат согласно со утврдените критериуми, по претходна пријава и проверка на условите за примање минимална пензија, со цел да се овозможи навремена и целисходна помош за овој социјално загрозен дел од населението.

Развивање дневни центри за пензионери што ќе им понудат активна социјализација и рекреација, како и активности за здравје и фитнес (јога, аеробик, пешачење). Центрите ќе имаат психолошка поддршка и активности за развивање хобија (керамика, сликарство, музика и други).

Достапност на јавните простори: Изградба на адаптирани пешачки патеки со рамни површини и клупи. Секој јавен простор ќе биде направен за да биде пријателски за старите лица, со посебен фокус на нивната безбедност.

Рампи за инвалидни колички на сите јавни објекти и премини.

- **ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ**

Инклузивно образование: Обуки за наставници, асистенти во настава и адаптирани наставни материјали.

Пристапност: Рампи, лифтови, звучни семафори, пристапен јавен превоз и јавни установи.

Вработување: Субвенции за вработување, поддршка за социјални претпријатија, обуки за занаети и ИТ.

Култура и спорт: Инклузивни културни и спортски активности, параспортски настани и креативни работилници.

Јавно застапување: Кампањи за подигнување на свеста и вклучување во одлучувачки процеси.

- **ОБРАЗОВАНИЕ**

Создавање безбедни, модерни и достапни образовни установи во Куманово, каде што секое дете и млад човек ќе има еднаква шанса за квалитетно образование.

Поддршка за дигитализација: Опремување на училишта со компјутери, проектори и интернет и воведување е-учење.

Обуки за наставен кадар: Континуирана едукација за современи наставни методи, дигитални алатки и инклузивна настава.

Стипендии и поддршка: Стипендии за ученици од социјално



загрозени семејства и награди за талентирани ученици.

Едукативни програми: Организација на бесплатни курсеви (јазици, ИТ, екологија и медиумска писменост).

Инклузивно образование: Адаптација на училишта за ученици со попреченост и вклучување на образовни асистенти.

Училишна инфраструктура: Поддршка за реконструкција, енергетска ефикасност и подобрување на санитарните услови.

Вклучување на родителите и заедницата: Совети на родители, училишни форуми, волонтерски активности и заеднички проекти.

Натпревари и проекти за ученици: „Мојот зелен проект“, „Мојот бизнис-план“ и „Најдобар млад истражувач“.

3.000 денари субвенција за среќен почеток на секое прваче.

- Со средства предвидени во буџетот, ќе докажеме на дело дека е привилегија да се биде првоодделенец во Куманово. Нема да зборуваме за иднината – ќе ја градиме заедно, со реални мерки, со конкретни резултати и со визија што ќе ја почувствуваме сите.

- Да ја зголемиме бројката на деца во нашите училишта – Куманово да има сигурна иднина!

- Секоја година учениците што ќе завршат средно образование со највисок успех ќе добиваат општинска стипендија за продолжување на своето високо образование.

Ова ќе биде наш начин да ги наградиме трудот, знаењето и посветеноста на младите, кои се гордост на нашиот град.

Младите мора да знаат дека тука се вреднува трудот и дека во Куманово има место за нивниот талент и визија.

## СПОРТ

Обезбедување финансиска поддршка за тимовите што патуваат на натпревари, со цел да се осигури нивното учество и успешните резултати во различни дисциплини.

Поттикнување на спортските клубови да развиваат младински академии за фудбал, кошарка, ракомет, одбојка и други спортови, каде што ќе тренираат нови таленти.

Обезбедување финансиска поддршка за младинските тимови за да учествуваат во национални и меѓународни турнири.

Организирање на скаутинг-кампови и натпревари за талентирани деца и млади спортисти.

Поддршка за спортски клубови и здруженија: Финансиска помош за тренинзи, натпревари и спортска опрема. Професионалните клубови коишто се гордост на градот ќе бидат финансирани еднакво, со додатна поддршка на домашните играчи.

Гратис спортски програми: Бесплатни спортски активности за деца, млади, жени и пензионери.

Училиштен спорт: Организација на училишни спортски лиги и натпревари меѓу училиштата.

„Кумановски шампиони" е проект со кој ќе почне формирањето на училишни општински спортски лиги за основни и средни училишта во Куманово. Општината ќе ги обезбеди сите потребни материјални и логистички средства за оваа лига. Заедно со професорите по физичка култура ќе ги мотивираме и ќе ги искалиме новите шампиони.

Мотивација и награди: Годишна награда за „Најспортско училиште" на Општина Куманово.

Параспорт и инклузија: Спортски програми за лица со попреченост и поддршка на параспортски клубови.

Едукација и здрави навики: Спортски кампањи, семинари за здрав живот, програми за антистрес и антизависности.

Поддршка за спортски настани: Организација на локални турнири, маратонски трки и рекреативни спортски денови.

Афирмација на спортот во рурални средини: Мобилни спортски програми и донација на опрема во помали населени места.

- **КУЛТУРА**

Поддршка за локални културни настани: Финансирање и логистичка поддршка за фестивали, изложби, концерти и уметнички манифестации. Многу поголема и посериозна поддршка на манифестациите „Викенд у Пелинце" и „Мечки мото рок-фест"

Летни и зимски „Бели ноќи – Урбано Куманово"

Куманово ќе стане град што ќе живее 365 дена во годината! Со организирање летни и зимски „Бели ноќи", ќе изградиме нова традиција, која ќе ја стави нашата општина на културната и туристичката мапа на Македонија и регионот. Двапати годишно Куманово ќе се претвора во отворена сцена:

Летни „Бели ноќи" – концерти, улични фестивали, гастрономија и уметност под ѕвездите.

Зимски „Бели ноќи" – празнични базари, зимски концерти, топла кујна и фестивал на светла и 3D-мапинг.

Вклучување на млади и талентирани уметници: отворени повици и конкурси за млади автори, уметници и културни работници.

Култура во рурални средини: мобилни културни програми и настани во села и помали населени места.

Инклузивна култура: културни содржини достапни за лица со попреченост (превод, пристапност и визуелна адаптација).

Зачувување на културното наследство: едукација и акции за заштита на локални традиции, јазик, обичаи и историски објекти.

Активна улога на НВО и уметнички здруженија: соработка со здруженија за реализација на културни проекти и работилници.

Креативни простори: поддршка за отворање културни центри,

уметнички хабови и јавни простори за културна размена. „Картичка за култура" – попусти за кино, театар, концерти.

Општински фонд за поддршка на млади таленти и уметници.

Годишни мултикултурни фестивали: Македонски, Ромски, Српски, Турски и Албански денови.

- **ТРАНСПОРТ**

Куманово ќе го зголеми квалитетот на животот за своите граѓани и ќе ја зголеми економската конкурентност на општината. Подобрениот јавен превоз, развојот на алтернативни видови транспорт, како и подобрената инфраструктура за патишта и сообраќајна безбедност ќе придонесат за ефикасност и одржливост на транспортниот систем, со намалување на загадувањето, застојот и трошоците за мобилност.

Редовни и достапни линии на јавен превоз:

- Унапредување на системот на јавен превоз, со додавање нови автобуски линии што ќе поврзуваат важни точки во општината, вклучувајќи ги и руралните области.

- Редовност и точност на распоредите за автобусите, како и оптимизација на маршрути, со цел да се намали времето на чекање и да се задоволат потребите на граѓаните.

Поддршка за поголема достапност:

- Осигурување дека повеќе автобуси ќе бидат достапни за луѓе со инвалидитет или за стари лица, со специјално дизајнирани автобуси (паметни рампи, простор за инвалидски колички);

- Воведување интерактивни апликации и информациски дисплеи на автобуски станици што ќе го покажуваат точниот временски распоред за автобусите и реалниот статус на пристигнувањето;

- Поддршка на мерката за бесплатен јавен превоз на граѓаните;

- Развој на пешачки и велосипедски патеки;

- Промоција на здрави и еколошки начини на движење.

Безбедност во сообраќајот:

- Обуки и кампањи за безбедност на пешаци, велосипедисти и возачи.

Поддршка за одржлив транспорт:

- Промоција на електрични возила и возила на алтернативни горива.

Информациски системи:

- Воведување апликации и дигитални системи за следење на јавниот превоз.

Пристапност на транспортот:

- Приспособување на возилата и станиците за лица со попреченост.

## УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО РАБОТЕЊЕ

Со донесувањето на новиот Генерален урбанистички план, Куманово конечно ќе се развива хумано, организирано и согласно со јасни правила. Мојата политика во иднина е јасна: нема повеќе од секоја куќа да никнува зграда во градското подрачје.

Планот предвидува изградба на две нови населби со проширување на општината во два правци:

- од Зелен Рид и Гоце Делчев кон Биљановце, и
- од Тоде Мендол кон Романовце.

Оваа урбанистичка стратегија ќе овозможи систематски и одржлив развој на градот, подобрување на инфраструктурата и квалитетот на животот на жителите.

## ЖИВОТНА СРЕДИНА

Да создадеме чист, зелен и здрав град во кој животната средина не е жртвувана за профит, туку е заштитена како вредност.

### 1. Зелени површини и урбана екологија

Нов „Зелен мастер-план“ за Куманово (2025 – 2029):

- Катастар на зеленило, целна мрежа на паркови, дрвореди и заштитени подрачја
- Зголемување на зелените површини на жител:
- Минимум 2 м² ново зеленило годишно на жител
- Засадување 50.000 дрвја за време на мандатот (во училишните дворови, булевари, рурални населби, покрај реки и канали)
- Создавање нов урбан парк на локација на стара фабрика или запуштен простор
- Субвенции за озеленување на приватни дворови и покривни градини.

### 2. Отпад и чистота

Затворање на дивите депонии (40+ локации):

- Механичко чистење, озеленување и поставување видеонадзор;
- Контрола на јавната чистота – вклучување на инспекциските служби и граѓански пријави преку апликација

Поставување нови 1.000 контејнери – одвоено собирање:

- Пластика, хартија, стакло и биоотпад
- Рециклажни острови во секој урбан блок
- Образовна кампања „Селектирај, не фрлај“ во основните училишта.

3. Борба против загадувањето на воздухот

Сензори за мерење на квалитетот на воздухот во секој дел од градот;

Јавни извештаи достапни на апликација и панел-табли;

Забрана за користење дрва/јаглен за јавни установи – транзиција кон пелети и гас;

Субвенции за инвертери за социјално ранливи семејства;

Контрола и санкции за индустриски загадувачи во соработка со Државен инспекторат;

Саем „Еко Куманово“ – промоција на зелени технологии, велосипеди, електрични возила;

Едукација и свест: Кампањи за рециклирање, штедење вода и енергија и заштита на природата.

Поддршка за зелени проекти: Пошумување, уредување на паркови и зелени површини.

Контрола и превенција: Следење на квалитетот на воздухот и водата и превенција на загадувањето.

Одржлив транспорт: Промоција на користење велосипеди и јавен превоз со ниски емисии.

Поддршка за обновливи извори: Инсталација на соларни панели и енергетска ефикасност на јавни објекти.

Соработка со граѓански организации: Вклучување на заедницата во чистење и зачувување на животната средина.

Засадување 50.000 дрвја за време на мандатот.

- **ТУРИЗАМ**

**Туристичка промоција на Куманово**

Овој проект е да се позиционира Куманово како атрактивна викенд-туристичка дестинација преку организирана туристичка програма, која ги вклучува најзначајните културни, историски и гастрономски вредности на регионот.

Проект што ќе го претстави Куманово како викенд-дестинација полна со дух, историја и автентични вкусови!

Во соработка со угостителите и туристичките агенции од Куманово, ќе креираме специјална туристичка агенда што ќе ја актуализира и ќе ја развие понудата на градот.

Целта на овој проект е да се развие и да се промовира интегрирана туристичка понуда за Куманово.

- Да се зајакне соработката меѓу локалните субјекти: угостители, туристички агенции и институции.
- Да се зголеми бројот на посетители преку викенд-аранжмани.
- Да се поттикне локалната економија и културниот туризам.

Во текот на посетата на туристите, со овој проект ќе ги откриеме

најзначајните знаменитости на Куманово и неговата околина:

- Посета на центарот на Куманово – градот што живее преку своите улици и луѓе
- Црквата „Св. Никола", Џамијата и Градскиот музеј
- Кумановска Бања – спој на релаксација и историја
- Кокино – мегалитската опсерваторија, четврта по старост во светот
- Манастирот „Св. Ѓорѓи" во Старо Нагоричане
- Манастирот „Св. Прохор Пчински" – духовен бисер во близина на границата

И, секако – вкусување на автентичната кумановска храна и дружба со локалните ресторани и жители.

Зголемена видливост на Куманово како дестинација и вклучување на најмалку 10 други локални бизниси.

- **ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Проширување на опфатот со изградба на 4 градинки:

Кампањи и активности за зголемување на бројот на деца вклучени во предучилишно образование, особено во рурални и социјално ранливи средини.

Поддршка за родители:

Бесплатно згрижување во градинка на деца од семејства во социјален ризик, вклучувајќи:

- Самохрани родители со ниски приходи;
- Корисници на гарантирана минимална помош;
- Родители/старатели невработени или долгорочно невработени;
- Семејства со лица со попреченост;
- Семејства од рурални и маргинализирани заедници;
- Припадници на ранливи етнички групи.

Континуирана едукација на воспитувачи:

Обуки за современи методи на рано учење, инклузија и детска психологија.

Инклузивно образование:

- Обезбедување услови за деца со попреченост (асистенти, адаптирани простории, сензорни помагала).
- Подобрување на условите во установите:
- Програми за одржување и унапредување на хигиенски, безбедносни и едукативни стандарди.

Родителска едукација и вклученост:

- Работилници и совети за родители за поддршка на детскиот развој дома.
- Програми за здрава исхрана и физичка активност:
- Развивање навики за здрав живот кај децата преку менија и игри што поттикнуваат движење.

## СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Формирање локален фонд на социјална помош

- брза еднократна финансиска поддршка за семејства во криза (здравствен проблем, губење работа)
- преку јавен повик со транспарентни критериуми

Преку овие меки политики, Општина Куманово гради социјално праведен, одржлив и младински ориентиран град – со реални чекори кон повисок животен стандард, еднакви можности и зајакнато локално учество. Меките политики во локалната самоуправа се клучен инструмент за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните преку поддршка на образованието, спортот, културата, транспортот и животната средина. Со инклузивен и одржлив пристап, овие политики овозможуваат еднакви можности за сите, поттикнувајќи здрави навики, социјална кохезија и еколошка одговорност. Активното вклучување на граѓаните и партнерството со локалните организации гарантираат успешна реализација и долгорочен ефект.

## УГОСТИТЕЛИ

Партнерски однос со угостителите – поддршка и подадена рака

Оваа програмска мерка има цел воспоставување и унапредување на партнерскиот однос меѓу локалната самоуправа и угостителските објекти преку обезбедување систематска и правовремена поддршка во процесот на добивање на сите потребни одобренија и дозволи за легално и квалитетно работење.

Во рамките на мерката се воспоставува јасна и транспарентна постапка за издавање одобренија, која вклучува:

- консултации и информативни сесии со угостителите за законските услови и техничките стандарди што треба да ги исполнуваат;
- обезбедување насоки и поддршка при подготовка и доставување на неопходната документација;
- координација со релевантните институции и инспекциски органи за брзо и ефективно издавање на одобренијата;
- редовна комуникација и мониторинг со цел навремено решавање на евентуални пречки во процесот.

Целта на оваа програма е да се овозможи непречено и законско работење на угостителите, со нагласок на брзина, ефикасност и партнерски пристап, кој ја поттикнува довербата и долгорочната соработка меѓу сите вклучени страни.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Изградба на современ административно-деловен центар на градот со подземна гаража, јавни тоалети и покривна тераса

Проектот предвидува изградба на современ административно-деловен центар во централното градско подрачје, со цел создавање модерен, функционален и достапен простор што ќе ги задоволи потребите на јавната администрација, деловниот сектор и граѓаните. Новиот центар ќе претставува важен инфраструктурен објект за развој на институционалниот и економскиот капацитет на градот, истовремено подигнувајќи го урбаниот квалитет на просторот.

Објектот ќе биде мултифункционален и ќе вклучува:

- Канцелариски простории за јавни институции и локалната самоуправа;

- Простории за изнајмување приватни компании и организации;

- Современи конференциски и мултифункционални сали;

- Подземна гаража со доволен капацитет за вработени и посетители;

- Јавно достапни тоалети со стандардна и приспособена инфраструктура за лица со попреченост:

- Покривна тераса со уреден простор за одмор, неформални средби и јавни настани.

Изградбата на овој административно-деловен центар ќе придонесе за:

- Подобрување на квалитетот и ефикасноста на јавните услуги;

- Централизација на институциите на едно место, со што се олеснува пристапот за граѓаните;

- Поддршка на локалната економија преку достапен и модерен деловен простор;

- Подобрување на условите за паркирање во центарот преку изградба на подземна гаража;

- Отворање на нови јавни простори, како што е покривна тераса, кои ќе придонесат за подобрување на животната средина и социјалната интеракција.

Проектот ќе биде од големо значење за граѓаните, јавните служби и приватниот сектор и ќе претставува долгорочна инвестиција во развојот и модернизацијата на градот..

**Влијание на проектот:**

Проектот ќе овозможи подобри јавни услуги, нов деловен простор, решенија за паркирање и модерен урбан изглед на градот, соодветен за сите граѓани.

**Целна група:**

Сите граѓани; жители, посетители, вработени, туристи, возачи, бизниси и семејства.

**Рок на реализација**

48 месеци

**Буџет**

150 000 000 денари



# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ▪ Изградба на олимписки пливачки базен со аквапарк преку јавно-приватно партнерство со Општина Куманово

Проектот предвидува изградба на современ олимписки пливачки базен и аквапарк во Општина Куманово, кој ќе претставува прв ваков комплекс во регионот и значаен чекор кон развој на локалната спортска, туристичка и рекреативна понуда. Проектот ќе се реализира преку јавно-приватно партнерство (ЈПП), со што ќе се обезбеди ефикасна распределба на ресурси, модерно управување и долгорочна одржливост.

Целта на проектот е создавање мултифункционален спортско-рекреативен центар што ќе биде достапен за сите граѓани, ќе ја подобри инфраструктурата во општината, ќе понуди атрактивни забавни содржини и ќе придонесе за економски раст преку развој на спортскиот и туристичкиот сектор.

Комплексот ќе вклучува:

- Олимписки и рекреативни базени;
- Детски базени со забавни содржини;
- Аквапарк со тобогани и водени атракции;
- Придружни објекти: соблекувални, тушеви, санитарии, медицинска просторија;
- Угостителски и комерцијални простори;
- Паркинг и уредени зелени површини.





Проектот ќе биде симбол на урбаниот и социјалниот развој на Куманово и значаен ресурс за генерациите што доаѓаат..

**Влијание на проектот:**

Проектот ќе ја подобри спортската инфраструктура, ќе ја зголеми туристичката понуда и ќе поттикне здрав начин на живот, со позитивен ефект врз локалната економија и заедницата.

**Целна група:**

Спортски клубови, семејства, туристи, рекреативци, ученици, локални жители и љубители на водени активности.

**Рок на реализација**

Рокот за реализација на проектот за отворен базен со аквапарк е проценет од 18 до 24 месеци, вклучувајќи планирање, градежни работи, инсталации и завршни активности.

**Буџет**

2 – 2,5 милиони евра (општински средства, јавно приватно партнерство)

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ■ Изградба на 4 градинки (населба Перо Чичо, населба Зелен Рид, населба Карпош, населба Тоде Мендол



Проектот опфаќа изградба на четири современи детски градинки во населбите: Перо Чичо, Зелен Рид, Карпош и Тоде Мендол. Секој објект ќе биде дизајниран според највисоки стандарди за безбедност, функционалност и удобност, обезбедувајќи квалитетна едукација и грижа за децата од предучилишна возраст. Секој објект ќе биде лоциран на пристапна и безбедна локација, со обезбеден простор за игралиште и зелени површини. Капацитет: околу 100-150 деца по градинка.

(Простории за игри, учење и одмор, со соблекувални и санитарии приспособени за деца, модерна кујна и трпезарија, простории за персонал и административни служби,

безбедносни системи и пристапност за лица со попреченост, урбано зеленило и безбедни игралишта.



**Влијание на проектот:**

Проектот ќе ја зголеми достапноста до квалитетно предучилишно образование, ќе го поддржи развојот на децата и семејствата и ќе го подобри квалитетот на животот во заедницата.

**Целна група:**

Семејства со мали деца, претшколски воспитувачи, локални жители и заедница.

**Рок на реализација**

Доколку ГУП веќе постои, можеби ќе биде доволно донесување или измени на ДУП, но тоа треба да се провери по локација. Рокот е 4 години.

**Буџет**

Вкупен за сите 4 градинки заедно – проценет на околу 3-5 милиони евра.

Тоа значи дека просечно за една градинка изнесува од 750.000 до 1.250.000 евра, зависно од големината и опременоста.

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ПРОЕКТИ

## Семеен парк

Проектот предвидува изградба на модерен семеен парк во близина на с. Проевце. Паркот ќе има пешачки патеки, детски игралишта, зелени површини и урбана опрема, обезбедувајќи простор за рекреација, дружење и одмор за семејствата и локалното население.

**Влијание на проектот:**
Проектот го подобрува квалитетот на животот, создава зелена оаза и поттикнува здрави рекреативни активности.

**Целна група:**
Локални семејства, деца, млади, рекреативци и посетители од околината.

**Рок на реализација**
Рокот за реализација е од 8 до 12 месеци, вклучувајќи планирање, изградба и уредување.

**Буџет**
120.000 – 180.000 евра

## Прифатилиште за миленици - стационар за кучиња

РПроектот предвидува изградба на прифатилиште за миленици и стационар за кучиња на место викано Стрелиште. Објектот ќе обезбеди хумано сместување, ветеринарна нега, простор за игра и социјализација, со цел подобрување на благосостојбата на животните и контролирање на бездомните кучиња.

**Влијание на проектот:**
Проектот ќе го подобри третманот и благосостојбата на кучињата, ќе намали бројот на бездомни миленици и ќе ја зголеми хигиената и безбедноста во заедницата.

**Целна група:**
Сопственици на миленици, локална заедница, организации за заштита на животни и сите што се грижат за благосостојбата на кучињата.

**Рок на реализација** Од 8 до 12 месеци
**Буџет** 100.000 до 150.000 евра, зависно од капацитетот и опремата.





# Нови фасади на згради

Проектот предвидува обновување на фасадите на старите згради и објекти, со зачувување на автентичниот изглед и додавање современи елементи за подобрување на енергетската ефикасност и естетика. Целта е да се зачува културното наследство и да се модернизира градскиот амбиент.

**Влијание на проектот:**

Проектот го подобрува изгледот на градот, штеди енергија и го зачувува културното и историското наследство.

**Целна група:**

Жители на стари згради, локални заедници, општини, туристи и љубители на културното наследство.

**Рок на реализација**

Рокот за реализација на проектот е 36 месеци, во зависност од обемот и состојбата на објектите.

**Буџет**

Буџетот за проектот изнесува околу 30.000.000 денари, вклучувајќи санација, материјали, труд и технички надзор.

# ПРОЕКТИ

## River Urban Place – урбанизација на кејот

Проектот „River Urban Place“ предвидува целосна урбанизација на просторот од маркетот „Туш“ до тениските игралишта во Куманово. Со нов урбанистички план ќе се овозможи изградба на ресторани, кафетерии, пешачки зони и зелени површини за релаксација, со модерен и атрактивен изглед.

**Влијание на проектот:**
Проектот ќе го разубави кејот, ќе поттикне туризам, економски развој и ќе создаде нови зони за одмор и рекреација.

**Целна група:**
Жители на Куманово, млади, семејства, туристи, локални бизниси и инвеститори во угостителство и услуги.

**Рок на реализација**
Рокот за реализација на проектот е од 18 до 24 месеци, во зависност од фазите на планирање, инфраструктура и изградба.

**Буџет**
Буџетот за проектот „River Urban Place“ изнесува приближно 10.000.000 до 15.000.000 денари, вклучувајќи инфраструктурни работи, урбанистички адаптации и изградба на дел од објекти.

## Кружни текови кај „Туш“, „2-ЕЛЕНА“ и Зелен пазар

Проектот вклучува изградба на кружни текови на раскрсниците кај маркетот „Туш“, ресторанот „2-ЕЛЕНА“ блиску село Проевце, и Зелен пазар. Целта е да се подобри сообраќајната флуидност, да се зголеми безбедноста и да се намали застојот на овие клучни точки во Куманово.

**Влијание на проектот:**
Проектот ја подобрува безбедноста и протокот на сообраќај, ги намалува сообраќајни застои и ја зголемува удобноста.

**Целна група:**
Возачи, пешаци, локални жители, компании и јавниот транспорт во Куманово.

**Рок на реализација**
Рокот за реализација е од 36 до 48 месеци, зависно од временските услови и организацијата на работите.

**Буџет**
Буџетот за изградба на кружните текови изнесува околу 25.000.000 денари, вклучувајќи материјали, работа и технички надзор.





# Изградба на училишно одморалиште во село Градиште

Проектот предвидува изградба на училишно одморалиште во с. Градиште, кое ќе овозможи сместување, едукативни и рекреативни активности за ученици. Објектот ќе понуди безбедна и пријатна средина за учење и одмор, со спортски терени и зелени површини, поттикнувајќи здрави навики и тимска соработка. Одморалиштето ќе биде наменето за: ученици (I–IV година средно и I–IX одделение основно) и наставници од сите училишта во Куманово. Партнерски организации: извидници, спортски клубови, еколошки здруженија. Проектиран капацитет: ~100 кревети (сместување) + до 150 учесници во дневни програми.

## Влијание на проектот:

Проектот ќе ја подобри образовната и рекреативната понуда за учениците, ќе поттикне здрав живот и социјална интеракција, а ќе го зајакне локалниот развој и туризам во с. Градиште.

## Целна група:

Ученици, наставници, млади во спортски и едукативни активности, социјално ранливи групи и локална заедница.

## Рок на реализација

Рокот за реализација е од 36 до 48 месеци, зависно од временските услови и организацијата на работите.

## Буџет

Буџетот за изградба на кружните текови изнесува околу  48.000.000 денари, вклучувајќи материјали, работа и технички надзор.

# ПРОЕКТИ

## Реконструкција на Градски стадион во Куманово

Проектот вклучува реконструкција на Градскиот стадион во Куманово со изградба на трибини за 8.000 гледачи, подобрување на спортската инфраструктура и пратечки објекти. Целта е да се создаде модерен спортски центар што ќе ги поттикне спортските активности и развојот на локалната заедница.

### Влијание на проектот:

Проектот ќе го унапреди спортскиот капацитет на градот, ќе поттикне спортски активности, ќе привлече повеќе публика и настани и ќе го зајакне локалниот економски развој.

### Целна група:

Спортисти, навивачи, локални жители, туристи и организатори на спортски и културни настани во Куманово.

### Рок на реализација

Рокот за реализација е од 36 до 48 месеци, зависно од временските услови и организацијата на работите.

### Буџет

- ФФМ и УЕФА: Можат да обезбедат дел од средствата преку програми за развој на инфраструктурата, обично во износ од 20 до 40 % од вкупниот буџет, зависно од проектот и нивните услови.

- Општина Куманово: Обезбедува дел од финансиите, земјиште и инфраструктурна поддршка.

- Дополнителни извори: Јавно-приватно партнерство, национални и регионални фондови, спонзори и донации. Вкупно 80.000.000 денари.





## Реконструкција на Градски пазар со подземен паркинг и деловни простории

Проектот предвидува комплетна реконструкција и модернизација на Градскиот пазар, со цел подобрување на условите за продажба, зголемување на капацитетот и унапредување на функционалноста на просторот. Главен дел од проектот е изградбата на подземен паркинг, кој ќе обезбеди доволно паркинг-места за посетителите и продавачите, со што ќе се реши проблемот со паркирањето во централното градско подрачје.

Покрај тоа, проектот вклучува изградба на деловни простории за различни комерцијални активности, кои ќе ја збогатат понудата на пазарот и ќе создадат подобри услови за локалните претприемачи и продавници.

### Влијание на проектот:

Проектот ќе го модернизира пазарот, ќе ги реши проблемите со паркинг, ќе поттикне локална трговија и ќе ја подобри урбаната средина.

### Целна група:

Локални трговци, посетители, жители од околните квартови, возачи што користат паркинг и локалната заедница.

### Рок на реализација

Рокот за реализација е од 36 до 48 месеци, зависно од временските услови и организацијата на работите.

### Буџет

Буџетот за изградба на кружните текови изнесува околу 120.000.000 денари, вклучувајќи материјали, работа и технички надзор.

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ПРОЕКТИ

## Изградба на откупен земјоделски центар

Проектот предвидува изградба на модерен откупен центар за земјоделски производи, кој ќе служи како клучна инфраструктура за собирање, сортирање, складирање и дистрибуција на земјоделски производи од локалните земјоделци. Центарот ќе овозможи организирана и ефикасна откупна мрежа, подобрувајќи ги условите за земјоделците и поттикнувајќи развој на локалната земјоделска економија. Клучни елементи на проектот:

- Изградба на простори за прием и сортирање производи;
- Складишни капацитети со современи системи за чување и конзервација;
- Административен дел за управување и техничка поддршка;
- Логистички капацитети за дистрибуција и транспорт;
- Обезбедување инфраструктура за лабораториски контроли и квалитет;
- Простории за обука и едукација на земјоделците.

### Влијание на проектот:

Проектот ќе ја подобри откупната мрежа, ќе ги зголеми приходите на земјоделците и ќе го зајакне локалниот агросектор.

### Целна група:

Земјоделци, откупувачи, преработувачи, локална заедница и организации за развој на земјоделството.

### Рок на реализација

Рокот за реализација е од 36 до 48 месеци, зависно од временските услови и организацијата на работите.

### Буџет

Буџетот за изградба на кружните текови изнесува околу 30.000.000 денари, вклучувајќи материјали, работа и технички надзор.

# Дислокација на јавното претпријатие „Чистота и зеленило“ во просториите на поранешната Касарна и изградба на нови капацитети на Дом за стари

Проектот се состои од две клучни фази: дислокација на јавното претпријатие „Чистота и зеленило“ во просториите на поранешната Касарна и изградба на нови капацитети за Дом за стари лица.

Во првата фаза се предвидува адаптација и модернизација на поранешните касарни објекти за сместување на јавното претпријатие „Чистота и зеленило“. Ова ќе овозможи оптимизација на работниот простор, подобрување на логистичките процеси и ослободување на сегашните локации за други јавни намени.

Во втората фаза се планира изградба на современ Дом за стари лица со капацитети што ќе овозможат квалитетна грижа и сместување на постарите граѓани. Новиот дом ќе биде опремен со сите потребни здравствени и социјални услуги, вклучувајќи дневен престој, медицинска нега и рекреативни активности.

Проектот има цел рационално користење на просторот, подобрување на јавните услуги и создавање подобри услови за работниците и корисниците.

## Влијание на проектот:

Проектот ќе овозможи подобри услови за работа на јавното претпријатие, ослободување на урбан простор и создавање модерен дом за достоинствена грижа за стари лица.

## Целна група:

Вработени во ЈП, стари лица, нивни семејства, корисници на јавни услуги и локалната заедница во Куманово.

## Рок на реализација

Рокот за реализација е од 36 до 48 месеци, зависно од временските услови и организацијата на работите.

## Буџет

Буџетот ќе се движи од 90 000 000 до 120 000 000 денари

# ПРОЕКТИ

## Целосна реконструкција на Споменик „Костурница“ со изградба на летна сцена

Проектот предвидува целосна реконструкција на Споменик „Костурница“ со изградба на летна музичка сцена, спортски терени, трим-патеки за пешачење и трчање, поставување рекреативна и урбана опрема, како и ново озеленување и осветлување, создавајќи модерен културно-рекреативен простор.

### Влијание на проектот:

Проектот ќе поттикне култура, спорт, туризам и активен живот, враќајќи вредност на јавниот простор.

### Целна група:

Млади, семејства, спортисти, уметници, туристи и сите граѓани заинтересирани за култура и рекреација.

### Рок на реализација

12 месеци од почетокот на проектот до целосно завршување и пуштање во употреба.

### Буџет

Буџетот ќе се движи од 18 000 000 денари

## Реконструкција и модернизација на Градскиот пазар

Проектот предвидува комплетна реконструкција и модернизација на Градскиот пазар, со цел подобрување на условите за продажба, зголемување на капацитетот и унапредување на функционалноста на просторот. Главен дел од проектот е изградбата на подземен паркинг што ќе обезбеди доволно паркинг-места за посетителите и продавачите, со што ќе се реши проблемот со паркирањето во централното градско подрачје.

Покрај тоа, проектот вклучува изградба на деловни простории за различни комерцијални активности, кои ќе ја збогатат понудата на пазарот и ќе создадат подобри услови за локалните претприемачи и продавници.

### Влијание на проектот:

Проектот ќе го модернизира пазарот, ќе ги реши паркинг-проблемите, ќе поттикне локална трговија и ќе ја подобри урбаната средина.

### Целна група:

Целна група се локални трговци, посетители, жители од околните квартови, возачи што користат паркинг и локалната заедница.

### Рок на реализација

Рокот за реализација е 36 до 48 месеци, зависно од временските услови и организацијата на работите.

### Буџет

Буџетот за изградба на кружните текови изнесува околу 120.000.000 денари, вклучувајќи материјали, работа и технички надзор.

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

За Куманово

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

## Вера Которка

1. Асфалтирање на ул. „Велко Стаменковски"
2. Асфалтирање на ул. „Стојан Сељо"
3. Асфалтирање на дел од ул. „Студена Вода"
4. Изградба на детско игралиште
5. Експропријација и изградба на водовод и асфалтирање на ул. „Козјачка" - делот над Технички преглед
6. Реконструкција и одржување на тротоари на главниот пат на ул. „Козјачка"

## Доброшане

1. Асфалтирање на улица „Студена вода" во должина од 2 км
2. Изградба на фудбалско игралиште во училиштето
3. Изградба на детско катче
4. Реконструкција на урбаната опрема и креирање нови содржини на местото Студена Вода

## Проевце

1. Изградба на отворен базен со аквапарк
2. Реконструкција на чешмите на „Вруќа вода"
3. Изградба на нов парк - Family park
4. Реконструкција на патот Провце - Бејтови ниви
5. Уредување на просторот околу месната заедница
6. Реконструкција на детско катче
7. Уредување на речното корито на реката Кумановка

## Бињановце

1. Изградба на канализациска мрежа во должина од 2 км
2. Изградба на водоводна мрежа во должина од 2 км
3. Асфалтирање на три улици

## Јане Сандански

1. Изградба и реконструкција на системите на водовод и канализација
2. Реконструкција на ул. „Бињановска"
3. Изградба со бехатон на ул. „13" и ул. „14"
4. Поставување контејнери за отпад
5. Изградба на детско игралиште

## Студена Бара

1. Реконструкција на патот од с. Пчиња до с. Студена Бара
2. Адаптација на патот од с. Студена Бара до с. Агино Село
3. Тампонирање на патот од КРСТ до селото во должина од 1,5 км
4. Изградба на канализација
5. Реконструкција на водоводот којшто жителите сами го изградиле

6. Доизградба и оградување на детското игралиште

- **Пчиња**

1. Изградба на водоводна мрежа
2. Досафалтирање на неколку крака на улици во должина од 1 км
3. Асфалтирање на пат од мостот до Бислимска Клисура
4. Изградба на тротоари и засадување дрвја покрај патот Куманово - Пчиња
5. Дислокација на депонијата
6. Изработка на проект за филтер-станица

- **Никола Тесла**

1. Изградба и реконструкција на тротоари на ул. „Никола Тесла" во должина од 1 500 метри
2. Изградба на канализациска мрежа во должина од 2 км во место викано Прмакови Ниви
3. Асфалтирање на главен пат во Прмакови Ниви - ул. „Доне Божинов" во должина од 1 500 метри
4. Асфалтирање на главните улици во местото викано Ново Куманово
5. Асфалтирање паркинг на ул. „Пелинска" наменет исклучиво за жителите на околните згради
6. Изнаоѓање ново сообраќајно решение за кружниот тек на ул. „Доне Божинов" и ул. „Ленинова"

- **Речица**

1. Асфалтирање на главен пат во должина од 3 000 метри од Златен клас до Речица
2. Изградба на крак на канализациска мрежа во должина од 700 метри
3. Асфалтирање на пат од 1 300 метри со цел поврзување на Речица и Долно Којнаре

- **Долно Којнаре**

1. Изградба на тротоари во должина од 1 500 метри на ул. „1-ва"
2. Асфалтирање на пат од 1 300 метри со цел поврзување на Речица и Долно Којнаре
3. Реконструкција на фудбалското игралиште со нова трибина
4. Изградба на ново детско катче

- **Горно Којнаре**

1. Доизградба на канализациска мрежа
2. Асфалтирање на улица - лево од Ветеринарната станица во должина од 700 метри
3. Изградба на детско катче

## Табановце

1. Изградба на канализациска мрежа во должина од 2 000 метри
2. Обезбедување пумпа за вода и приклучок на струја за водовод
3. Асфалтирање улици во должина од 1 000 метри

## Четирце

1. Реконструкција со асфалтирање на главниот пат во с. Четирце во должина од 3 000 метри
2. Асфалтирање на споредни патишта од игралиште до Коњаровци во должина од 2 500 метри
3. Реконструкција на пат со тампон во должина од 5 000 метри

## Лопате

1. Реконструкција на главната улица во должина од 2 000 метри
2. Асфалтирање на улицата десно од мостот
3. Изградба на водоводна мрежа
4. Доизградба на канализација

## Железничка станица

1. Решавање на приклучокот на канализација
2. Реконструкција со асфалтирање на улици кај месна заедница
3. Осветлување од Трго-тим до Твинс
4. Санација и одржување тротоари
5. Поставување контејнери за смет
6. Подобрување на градскиот превоз

## Романовце

1. Изградба на фекална канализација
2. Асфалтирање на 3 км нови улици
3. Реконструкција на 2 км улици што се оштетени
4. Изградба на детско катче

## Агино Село

1. Асфалтирање на патот до гробишта во должина од 750 метри
2. Реконструкција и асфалтирање на крак од патот од мостот до автопат до училиштето
3. Асфалтирање на крак од мостот до училиштето, клучка за Скопје
4. Изградба на детско катче
5. Поставување нови автобуски постројки

## Умин Дол

1. Изградба на водоводна мрежа
2. Изградба на канализациска мрежа
3. Асфалтирање патишта во должина од 1 км

## Ново Село

1. Изградба на водоводна мрежа
2. Изградба на канализациска мрежа
3. Асфалтирање патишта во должина од 1,5 км
4. Изградба на детско катче

## Љубодраг

1. Изградба на канализациска мрежа
2. Изградба на водоводна мрежа

3. Асфалтирање патишта во должина од 1,5 км
4. Изградба на детско катче

- **Нас. Перо Чичо**

1. Изградба на детска градинка
2. Изградба на пат од потег ДЕ-Лукс до лозје
3. Асфалтирање и изградба на пешачки патеки со дрвореди на ул. „Ѓорче Петров“ (стар и нов дел)
4. Реконструкција на ул. „Веселин Маслеша“ и „Михајло Пупин“ со тротоар од десна страна
5. Реконструкција на примарна водоводна мрежа во целата населба
6. Реконструкција и оградување на училишниот двор
7. Уредување и пошумување на ново излетничко место Багрем Бања
8. Асфалтирање улици во населбата во должина од 3 км
9. Поставување улично осветлување на регионалниот пат од населба Карпош до Доброшане
10. Уредување на постоен одводен канал со пешачки патеки и дрвореди од Карпош до Доброшане

- **Ајдучка Чешма**

1. Изградба на тротоари со осветлување
2. Асфалтирање улици во должина од 1 км
3. Изградба на пешачка зона со клупи и осветлување покрај местото викано Бара
4. Изградба на две детски катчиња

- **Карпош**

1. Изградба на детска градинка
2. Експропријација на парцела за гробишта
3. Асфалтирање улици во должина од 4 км – приоритетна листа (ул. 113,114,115,116, ул. 39, ул. 210)
4. Изградба на детско катче кај мостот на ул. 100
5. Асфалтирање на 5 улици во Османов Рид
6. Целосна реконструкција на Никуљски пат
7. Целосна реконструкција на ул. „40“
8. Изградба на простории за месна заедница и пензионери

- **Режановце**

1. Изградба на водоводна мрежа
2. Изградба на детско катче
3. Асфалтирање патишта во должина од 1,5 км

- **Иго Тричковиќ**

1. Реконструкција на улицата и изградба на тротоари на стариот пат за Тромеѓа
2. Доизградба на канализациска мрежа во целата населба
3. Асфалтирање улици во должина од 1 км
4. Изградба на детско катче
5. Реконструкција на основното училиште
6. Уредување на училишниот двор
7. Изградба на мултифинкционално игралиште
8. Улично осветлување во населбата

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

- **Тромеѓа**

1. Решавање на проблемот со канализација и водовод
2. Изградба на тротоар и реконструкција на главната улица
3. Асфалтирање патишта во должина од 1,5 км
4. Реконструкција на училишното игралиште и опремување со урбана опрема

- **Бедиње**

1. Целосна реконструкција на водоводна мрежа
2. Изградба на тротоари
3. Асфалтирање патишта во должина од 1,5 км
4. Изградба на детско катче

- **Бајрам Шабани**

1. Целосна реконструкција на ул. „Бајрам Шабани“
2. Изградба на тротоари во целата месна заедница во должина од 3 км (ул. „Франц Розман“, ул. „Бошко Буха“, ул. „Поток Серава“, ул. „Младен Стојановиќ“, ул. „Косовски бригади“, ул. „Милан Зечар“, ул. „Драгојло Диндиќ“ и ул. „Иван Милутиновиќ“
3. Реконструкција на ул. „Драгојло Диндиќ“
4. Изградба на детско катче
5. Реконструкција на Соколана
6. Изградба на тротоари на „Пчински пат“
7. Асфалтирање на ул. „Симо Погачаревиќ“
8. Реконструкција на ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“, ул. „Перо Наков“, ул. „Кузман Јосифовски-Питу“ и ул. „Тонко Димков“

- **Тоде Мендол**

1. Изградба на градинка
2. Изградба и реконструкција на тротоари во целата месна заедница во должина од 3 км (ул. „Тоде Мендол“, ул. „Благе Илиев Гуне“, ул. „Вук Караџиќ“, ул. „Петар Драпшин“, ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“, ул. „Павле Станоев“, ул. „Караорман“, ул. „Васил Антевски“, ул. „Александар Здравковиќ“, ул. „Скопска“, ул. „Драги Шутевски“
3. Асфалтирање патишта во должина од 3 км (ул. „Петар Драпшин“, ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“, ул. „Павле Станоев“, ул. „Караорман“, ул. „Васил Антевски“ ул. "Александар Здравковиќ", ул. „Скопска“, ул. „Драги Шутевски“, ул. „Клара Цеткин“, ул. „Васа Пелагиќ“, ул. „Јован Поповиќ“ и ул. „Ибе Паликуќа“
4. Изградба на детско катче
5. Изградба на атмосферска канализација на ул. „Доктор Рибар“ во должина од 400 метри
6. Реконструкција на Градскиот пазар
7. Изградба на мултифункционално игралиште
8. Донесување ново сообраќајно решение за целата населба

- **Центар**

1. Изградба на нов административно-деловен комплекс со подземни гаражи на местото викано Чоробенско Ќоше
2. Целосна реконструкција на следните улици асфалтирање и нови тротоари (ул. „Кирил и Методиј“, ул. „Илинденска“, ул. „Трст“)

3. Донесување ново сообраќајно решение за целото централно градско подрачје
4. Реконструкција на стари фасади

- **Б. С. Гојчо**

1. Реконструкција на ул. „Миле Кипра“ и ул. „Љубе Арсовски“
2. Изградба на тротоари на ул. „Прва Петолетка“
3. Асфалтирање на улицата што ги спојуваа бул. „Октомвриска револуција“ и ул. „Моша Пијаде“
4. Целосна реконструкција асфалтирање и нови тротоари на ул. „Моша Пијаде“
5. Реконструкција на ул. „Вера Которка“
6. Донесување ново сообраќајно решение за целата населба
7. Поставување нова урбана опрема пред сите згради во урбаната заедница (клупи, канти за отпадоци)

- **Панче Пешев**

1. Реконструкција на атмосферска канализација на ул. „Иво Лола Рибар“- „Нагорички сокак“
2. Изградба на проектот „Urban River Place“ - урбано место на кејот со шеталиште, велосипедска патека и разновидна понуда на угостителски објекти
3. Донесување ново сообраќајно решение за целата населба
4. Реконструкција на ул. „Стојан Сликар“, ул. „Бранко Димов“, ул. „Пере Тошев“ ул. „Питу Гули“
5. Поставување нова урбана опрема пред сите згради во урбаната заедница (клупи, канти за отпадоци)
6. Хортикултурно уредување на бул. „Октомвриска револуција“
7. Изградба на нови тротоари на ул. „Панче Пешев“, ул. „Наум Охридски“, ул. „Иво Лола Рибар“
8. Реконструкција на ул. „Димче Јовчевски“ и ул. „Кочо Рацин“

- **11 Ноември**

1. Реконструкција на ул. „Србо Томовиќ“ и ул. „Боро Прцан“
2. Изградба на тротоари ул. „4-ти Јули“, ул. „Страшко Арсовски“ и ул. „Сава Ковачевиќ“
3. Реконструкција со хортикултурно уредување на ул. „11-ти Октомври“
4. Реконструкција на ул. „11-ти Ноември“
5. Реконструкција на ул. „Васил Главинов“
6. Реконструкција на ул. „Црнотравска“
7. Реконструкција на ул. „Босанска“

- **11 Октомври**

1. Реконструкција на ул. „Ристовац“
2. Изградба на тротоари на ул. „Х. Т. Карпош“
3. Асфалтирање тротоар пред зградите на ул. „Тодор Велков“
4. Доизградба на ул. „27 Март“

5. Донесување ново сообраќајно решение за целата населба
6. Реконструкција на ул. „Ристовац"

- **Х.Т.Карпош**

1. Реконструкција на ул. „Карл Маркс"
2. Реконструкција на ул. „Вардарска"
3. Реконструкција на ул. „Љубе Гачев"
4. Донесување ново сообраќајно решение за целата населба

- **Зелен Рид**

1. Изградба на детска градинка
2. Решавање на проблемот со имотот на Пошта
3. Доасфалтирање на ул. „Видое Смилевски-Бато"
4. Изградба на детско катче
5. Решавање на проблемот со преминот на ул. „Иван Горан Ковачиќ"

6. Донесување ново сообраќајно решение за целата населба
7. Изградба на мултифинкционално игралиште
8. Реконструкција и изградба на тротоари во должина од 3 км (ул. „Видое Смилевски – Бато", ул. „Страшо Пинџур", бул. „Авној", ул. „Страшо Пинџур")

- **Гоце Делчев**

1. Реконструкција на ул. „Лесковачка" и изградба на тротоари
2. Реконструкција локалитет Трговски
3. Изградба на детско катче на просторот над амбуланта
4. Реконструкција на Титова Митровачка
5. Нови зелени површини во целата населба
6. Поставување нова урбана опрема пред сите згради во урбаната заедница (клупи, канти за отпадоци)
7. Изградба на нови паркинг-места

- **3-та Македонска ударна бригада**

1. Целосна реконструкција на ул. „Народна револуција" со нови тротоари
2. Изградба на тротоари на ул. „Перо Шварц" и ул. „Васил Драгомански"
3. Реконструкција и изградба на тротоари на ул. „Тоде Думба"
4. Реконструкција на ул. „Нада Михајлов"а
5. Поставување нова урбана опрема пред сите згради во урбаната заедница (клупи, канти за отпадоци)
6. Донесување ново сообраќајно решение за целата населба
7. Изградба на тротоари на ул. „Биљановска"

- **Черкезе**

1. Асфалтирање улици во должина од 1 500 метри
2. Изградба на тротоари во должина од 1000 метри

3. Поставување нова урбана опрема (клупи, канти за отпадоци)
4. Изградба на модерно детско катче

- **Орашац**

1. Асфалтирање улици во должина од 1 000 метри
2. Реконструкција на училиштето
3. Поставување нова урбана опрема и автобуски постројки
4. Изградба на модерно детско катче

- **Градиште**

1. Асфалтирање улици во должина од 1 000 метри
2. Реконструкција на училиштето
3. Изградба на одморалиште
4. Изградба на модерно детско катче

- **Габреш, Живиње, Кшање, Кокошиње, Колицко, Кутлибег, Кучкарево, Новосељане, Пезово и Скачковце**

1. Асфалтирање патишта во должина од 2 000 метри
2. Подобрување на водоснабдувањето
3. Редовен бесплатен превоз на патниците

- **Клечовце**

1. Асфалтирање улици во должина од 1 000 метри
2. Редовен бесплатен превоз на патниците
3. Поставување нова урбана опрема и автобуски постројки
4. Изградба на модерно детско катче

- **Бељаковце, Довезенце, Јачинце, Косматац, Мургаш и Зубовце**

1. Асфалтирање на патишта во должина од 2 000 метри
2. Редовен бесплатен превоз на патниците
3. Поставување нова урбана опрема и автобуски постројки

- **Средорек**

1. Реконструкција на улици во целата населба
2. Редовно собирање ѓубре
3. Поставување нова урбана опрема
4. Изградба на детско катче
5. Подобрување на квалитетот на водоводната мрежа

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА